Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 02-1121/1
30.07.2026

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ Завод и Музеј, ул. "Коро Шапи" бр. 10, П фах 95, 6000 Охрид, РепубликаСеверна Македонија,
тел. 046/262-498, 046/231-300, faks 046/231302, Мунгејска зграда Робевци267-173;
e-mail: zitohrid@yahoo.com,жиро сметка: буџетска 180111009075603 19 и сопствена 18010090

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 6 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/04, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 18/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 – Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 година, објавена во „Сл. весник на РМ“ бр. 15/2008), и врз основа на Статутот на НУ Завод и Музеј – Охрид, Управниот одбор на својата 10-та седница одржана на ден 30.07.2026 година , ја донесе следната

О Д Л У К А

за утврдување на постапката, условите и критериумите за изнајмување и користење на просторот под надлежност на НУ Завод и Музеј – Охрид и определување на висината на надоместокот за користење

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат постапката, условите и критериумите за изнајмување и користење на просторот под надлежност на НУ Завод и Музеј – Охрид, како и висината на надоместокот за неговото користење од страна на заинтересирани физички и правни лица.

Просторот се користи согласно неговата намена, културно-историското значење, условите за заштита на културното наследство и важечките прописи , за културни и други настани (концерти, претстави, фестивали, ревии, презентации, промоции, изложби, конгреси, конференции) и друг вид на собири на политичките партии и здруженија на граѓани, фондации и друг вид асоцијации, невладини организации, некомерцијални приредби од било кој жанр, спортски приредби и прогласувања, снимање на филмови, ТВ емисии, комерцијални фотосесии, хуманитарни приредби и слично.

Член 2

Предмет на изнајмување и користење на просторот под надлежност на НУ Завод и Музеј – Охрид согласно оваа Одлука се:

- Античкиот театар;

- музејските згради (Куќа на Робевци, Христо Узунов, Григор Прличев и Галеријата на икони);
- лапидариумот кај Куќата на Робевци;
- сценскиот простор во локалитетот Музеј на вода – Градиште;
- други простории, површини и објекти под надлежност на НУ Завод и Музеј – Охрид, доколку за нивното користење се исполнети условите утврдени со оваа Одлука и со важечките прописи.

Член 3

За користење на просторот заинтересираното физичко или правно лице поднесува писмено барање до НУ Завод и Музеј – Охрид.

Барањето треба да содржи податоци за барателот, видот, целта, содржината и карактерот на настанот, местото, датумот и времетраењето на користењето, како и други податоци релевантни за оценување на барањето.

За правните лица, кон барањето се доставува доказ за регистрирана дејност, односно друг соодветен документ за правниот статус на барателот.

Член 4

По поднесеното барање одлучува директорот на НУ Завод и Музеј – Охрид ,согласно условите и критериумите утврдени со оваа Одлука.

Во случај на одобрување на барањето, НУ Завод и Музеј – Охрид склучува договор со корисникот, со кој подетално се уредуваат правата, обврските, условите и начинот на користење на просторот.

Член 5

При одлучувањето по барањето особено се земаат предвид:

- карактерот, содржината и целта на настанот;
- неговата културно-уметничка, научна, образовна, хуманитарна или друга соодветна вредност;
- усогласеноста на настанот со културно-историското значење, достоинството и намената на просторот;
- влијанието на настанот врз заштитата на културното наследство;
- терминот и времетраењето на настанот;

• исполнувањето на условите утврдени со важечките прописи и оваа Одлука.

При одлучувањето по поднесените барања за користење на просторот, предност имаат настаните и програмските активности на јавните установи од областа на културата, основани од Министерството за култура и туризам, кои се дел од нивните годишни програми од национален интерес, одобрени од Министерството за култура и туризам.

Член 6

Барањето може да биде одбиено доколку не се исполнети условите од член 5 од оваа Одлука, врз основа на природата, содржината, карактерот или начинот на реализација на настанот, се оцени дека неговото одржување не е соодветно со намената и културно-историското значење на просторот.

Особено, барањето може да биде одбиено доколку:

- настанот е од карактер што не е соодветен за просторот;
- се работи за настан со претежно комерцијално-забавен карактер без соодветна културно уметничка, научна, образовна или друга оправдана компонента;
- содржината или начинот на реализација може да го наруши културно-историскиот карактер на просторот;
- постои ризик од оштетување или загрозување на културното наследство;
- планираната сценска, техничка или друга опрема, конструкција, реквизити или ефекти не се соодветни или дозволени;
- бараниот термин е веќе определен за друга активност, настан, одржување или друга оправдана потреба на установата
- бараниот термин е потребен за реализација на програмските активности на јавните установи од областа на културата основани од Министерството за култура и туризам, кои се дел од нивните годишни програми од национален интерес, одобрени од Министерството за култура и туризам;
- не се исполнети условите утврдени со закон, други прописи или со оваа Одлука

При примената на овој член се оценува конкретниот настан, неговата содржина и начинот на реализација, а не личните својства, припадноста или други лични карактеристики на организаторот или учесниците.

Член 7

Во договорот за користење, односно изнајмување на просторот задолжително се предвидуваат обврски на корисникот за соодветно користење и заштита на просторот.

Корисникот не смее да презема дејствија со кои може да се оштети или загрози споменичкиот или друг заштитен објект, културното наследство, музејските предмети или опремата, ниту да го нарушува нивното нормално функционирање.

Корисникот е должен по завршувањето на настанот просторот да го предаде во состојба во која го примил.

Член 8

Договорот за изнајмување, односно користење на просторот задолжително содржи одредба со која корисникот се обврзува да го уплати целокупниот утврден надомест најдоцна во рок од 3 (три) дена од денот на потпишувањето на договорот.

Користењето на просторот може да започне само по целосно подмирување на утврдениот надомест.

Доколку корисникот не го уплати надоместот во рокот од став 1 на овој член, НУ Завод и Музеј – Охрид има право да го раскине договорот согласно неговите одредби и важечките прописи, а користењето на просторот не може да се реализира.

Договорот задолжително содржи и одредба со која се уредува дека повратот на исплатените средства се врши исклучиво во случај на виша сила.

Член 9

За изнајмување и користење на просторот под надлежност на НУ Завод и Музеј – Охрид се определуваат следните надоместоци:

- Антички театар – 120.000,00 денари;
- музејските згради (Куќа на Робевци, Христо Узунов, Григор Прличев и Галерија на икони) – 6.000,00 денари;
- лапидариумот кај Куќата на Робевци – 6.000,00 денари;
- сценскиот простор во локалитетот Музеј на вода – Градиште – 30.000,00 денари;
- комерцијална фотосесија (модна, рекламна, промотивна и друга) – 6.000,00 денари за секој започнат час за секој поединечен објект;
- некомерцијална или приватна фотосесија – 3.000,00 денари за секој започнат час.

Член 10

По исклучок од член 9 став 1 алинеја 1 од оваа Одлука, за користење на Античкиот театар без надомест одлучува Управниот одбор на НУ Завод и Музеј – Охрид, односно по исклучок од член 9 став 1 алинеја 2,3,4,5 и 6 одлучува Директорот на НУ Завод и Музеј-Охрид, по претходно поднесено образложено барање, кога се исполнети следните услови:

- активноста е од јавен интерес;
- се организира за културни, научни, образовни или хуманитарни цели;
- Владата на РСМ, НУ Завод и Музеј – Охрид, Министерството за култура и туризам или Општина Охрид се организатори или коорганизатори на настанот;
- активноста придонесува за промоција и афирмација на културното наследство и дејноста на установата;
- во други особено оправдани случаи кога тоа е во интерес на установата.

Одлуката на Управниот одбор за користење на Античкиот театар без надомест претставува составен дел од документацијата за склучување на договорот.

Член 11

Комерцијална фотосесија во просторот под надлежност на НУ Завод и Музеј – Охрид може да се реализира само врз основа на претходно поднесено барање од организаторот (корисникот на просторот) до Управата за заштита на културното наследство - Скопје и издадено позитивно одобрение од страна на Управата за заштита на културното наследство - Скопје.

Некомерцијална фотосесија може да се реализира врз основа на претходно поднесено барање и одобрение од директорот.

Фотосесиите се реализираат на начин со кој нема да се загрози културното наследство, музејските предмети, објектите и нормалното функционирање на установата.

Член 12

За секое користење на просторот, корисникот е должен да ги почитува условите определени со договорот, оваа Одлука и важечките прописи.

Доколку при користењето на просторот настане штета по вина или поради постапување на корисникот, корисникот е должен да ја надомести настанатата штета согласно важечките прописи и условите од договорот.

Член 13

Одбивањето на барањето за користење на просторот се образложува со наведување на конкретните критериуми и услови кои не се исполнети.

Член 14

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на огласната табла на НУ Завод и Музеј – Охрид, а ќе се применува од 01.09.2026 година.

Член 15

Со денот на примената на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за утврдување на висина на надоместокот за изнајмување на Античкиот театар за одржување на настани и концерти со број 02-627/1 од 11.06.2021 година, Одлуката за утврдување на висина на износот за фотосесија во локалитетот Музеј на вода-Градиште со број 02-520/1 од 30.04.2019 година, Одлуката за утврдување на висина на износот за фотосесија во локалитетите и објектите во НУ Завод и Музеј – Охрид со број 02-880/1 од 15.07.2019 година и Одлуката за утврдување на постапката за изнајмување и определување на висината на надоместокот за користење на простор под надлежност на НУ Завод и Музеј – Охрид со број 02-563/2 од 11.07.2002 година, донесени од страна на Управниот одбор на НУ Завод и Музеј – Охрид.

Член 16

За реализација на оваа Одлука се задолжуваат директорот, Сметководствената служба, Правната служба и другите надлежни служби на НУ Завод и Музеј – Охрид.

Член 17

Оваа Одлука се донесува согласно Законот за културата, прописите од областа на заштитата на културното наследство и другите важечки прописи.

Управен одбор
Претседател,
Љупка Косаркоска